Roche We Innovate Healthcare
EVN



# Секретаријатот на здравствената мрежа за земјите од ЈИЕ со седиште во Скопје

Препорачано 0 | Print | Email

07.03.2013 15:04:21

**Скопје, 7 март 2013 (МИА) -** Седиштето на Секретаријатот на здравствената мрежа за земјите од Југоисточна Европа е отворено денеска во Скопје.

По инаугурацијата на седиштето на Секретаријатот на здравствената мрежа за земјите од ЈИЕ,  министерот за здравство Никола Тодоров истакна дека станува збор за мрежа која ќе помогне за една многу подлабока соработка меѓу 10 земји-членки на оваа мрежа, во поглед на развој на јавното здравство, на организирање или имплементација на заеднички проекти, во поглед на соработка на сите нивоа на здравството и здравствената политика.

- Моите очекувања од функционирањето на оваа мрежа се големи. Очекувам дека од здравствената мрежа на ЈИЕ бенефит ќе има и Република Македонија и сите земји -членки со што ќе придонесеме за претставување или етаблирање на еден добар и позитивен пример на соработка во областа на здравството не само во овој регион, туку и во Европа, додаде Тодоров.

Регионалниот директор на Светската здравствена организација за Европа, Сузана Џејкоб рече дека ова е многу важен чекор за подобрување на соработката во здравствениот сектор меѓу земјите од регионот особено во секторот на јавно здравство со особен акцент на превенцијата.

- Во вакво време кога сите средства се многу важни, особено е важно да се инвестира и да се фокусираат средствата од здравството во превенцијата. Ова е само почеток на една натамошна и многу плодна соработка. СЗО во целост го поддржува овој чекор, додаде Џејкоб.

Горан Черкез, помошник-министер за здравство на Босна и Херцеговина, кој е претседавач со извршниот одбор на здравствената мрежа на ЈИЕ, посочи дека мрежата функционира веќе 10 години, период во кој дала многу голем придонес за обнова на довербата меѓу земјите од регионот по сите конфликти, економски кризи и се што го погоди овој дел од светот.

- Мрежата даде многу голем придонес во повторно воспоставување на тие раскинати врски и јакнење на здравствените системи во сите десет земји од ЈИЕ кои ја чинат мрежата. Она што ние го очекуваме во иднината е оваа мрежа да даде уште посилен придонес за јакнење на економијата во земјите. Сите заборавиме дека нема добра економија без здрав човек. Тоа е нешто на кое ќе се фокусираме во наредниот период, посочи Черкез.

Тој рече дека пред три години е одлучено седиште на Секретаријатот на здравствената мрежа за земјите од Југоисточна Европа да биде во Скопје. Многу сме задоволни, потенцира Черкез, и ова сега претставува срце на таа мрежа бидејќи од тука целата таа техничка и друга помош треба да оди кон мрежата.

- Што значи Скопје добива една многу важна функција во целиот систем со поддршка на Министерството за здравство кое изминатиот период беше на едно високо ниво и имавме добра соработка. Сите ние во регионот имаме слични проблеми, но имаме и работи со кои можеме да се пофалиме. Ако говориме сигурно и Македонија има низа добри работи во здравствениот систем. Одлуката за седиште на Секретаријатот е донесена врз основа на кандидатурата на Македонија и на согласноста на сите 10 земји од ЈИЕ, додаде Черкез. **рп/ са/15:03**

###

Македонска информативна агенција – МИА
Ми се допаѓа 14.320

## Поврзани вести

- Секретаријатот на здравствената мрежа за земјите од ЈИЕ со седиште во Скопје (ПВТ)

## ФОТО СЕРВИС



Вице-премиерот Муса Џафери во Брисел



8ми Март - Прво па женско



Протести во Скопје



Свеченост по повод 8 Март

повеќе

## МОЗАИК



**На полицајци сакала да им избега со детско автомобилче**

Џејми Крефт (29) прво возела „вистински“ автомоби...



**Деми Мур конечно побара развод од Качер**

Актерката Деми Мур одлучи конечно да побара развод...



**Маж кој има три илјади Барбики (видео)**

На прв поглед се чини дека станува збор за

Сподели доживување
T

## ТИКЕР

**19:34 | Сообраќајот се одвива непречено, пренасочен еден патен правец**

Сообраќајот на сите магистрални и регионални патни правци низ државата се одвива непречено, по мести...

**19:16 | Турските имами го осудија насилството врз жените**

Имамите од џамиите во цела Турција за време на денешната петочна молитва го осудија насилството врз ...

**19:07 | Венецуелската опозиција ќе ја бојкотира заклетвата на Николас Мадуро како привремен претседател**

Пратениците на главната опозициска коалиција во Венецуела „Тркалезна маса на демократското единство“...

**18:21 | Армијата задолжена за безбедноста во Порт Саид**

Египетската полиција денеска се повлече од улиците на градот Порт Саид, а војската ја презеде грижат...

**18:20 | Конклавата, на која ќе се избере новиот папа, почнува во вторник, соопшти Ватикан**

Кардиналите на Римокатоличката црква во вторник попладне, на 12 март, ќе ја почнат конклавата за изб...

ЕДНА ПОИНАКВА ФОРМА НА ОМЕГА 3
БиоКрил Актив
ERA GROUP
Скопски саем Skopje Fair
Windows 8
Запознајте го новиот Windows.
Дознајте повеќе
NC NEOCOM